Врз основа на член 44 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19) министерот за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта (во натамошниот текст: основните професионални компетенции).

Воспитно – образовната дејност во основното образование и средното образование ја остваруваат стручните соработници: педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, библиотекар и друго.

### Член 2

Основните професионални компетенции опфаќаат основни знаења, способности и вештини коишто ги поседува стручниот соработник за да може квалитетно да ја извршува работата на стручен соработник во основно и средно училиште.

Основните професионални компетенции опфаќаат професионални вредности и професионални знаења и вештини во следните подрачја:

- работа со ученици;
- работа со наставници;
- работа со родители;
- соработка со заедницата;
- професионален развој и професионална соработка;
- аналитичко-истражувачка работа;
- училишна структура, организација и клима.

### Член 3

Основните професионални компетенции се однесуваат на стручниот соработник: педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник и библиотекар.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник кои се однесуваат на професионалните знаења и вештини се групирани во две категории: заеднички компетенции и специфични компетенции за одделните профили стручни соработници.

Во рамките на двете категории, компетенциите се организирани во седум подрачја, а секое подрачје се состои од неколку потподрачја.

## ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

**Член 4**

Заедничките компетенции се однесуваат на стручниот соработник: педагог, психолог, социолог, социјален работник, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар.

**Член 5**

Во подрачјето „Работа со учениците“ опфатени се три потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето;
- Следење и поддршка на развојот на учениците и
- Професионална и кариерна ориентација на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Поддршка на учениците во учењето** се однесуваат на разбирање на индивидуалните разлики во учењето кај учениците, знаења за методите и техниките за работа со учениците, познавање и користење на соодветни стратегии за учење и поучување како и поддршка на учениците во учењето соодветни со нивните потреби.

Основните професионални компетенции од потподрачјето **Следење и поддршка на развојот на учениците** се однесуваат на познавањето и примената на различни видови стратегии и приоди во индивидуалната и групната форма на наставна работа и комуникацијата со учениците за развивање на нивната самодоверба, хуманост, солидарност, мултикултурализам, интеркултурализам, меѓуетничка соработка и интеграција, демократско учество и др.

Основните професионални компетенции од потподрачјето **Професионална и кариерна ориентација на учениците** се однесуваат на познавање и соодветно користење методи, техники и инструменти за професионална ориентација, советување и кариерно насочување на учениците.

**Член 6**

Во подрачјето „Работа со наставниците“опфатени се три потподрачја:

- Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно- образовниот процес и самоевалвацијата;
- Поддршка на наставниците во работата со учениците и
- Поддршка на наставниците во работата со родителите.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно- образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на познавање на стратешките, концепциските и програмските документи и стандарди за потсистемот на образованието во кој работи, познавање на принципите и приодите во планирањето и оценувањето, како и на помагање на наставниците во планирањето, реализирањето на наставата, следењето и вреднувањето на учениците при што се земаат предвид индивидуалните карактеристики и потреби на учениците во дадените развојни периоди.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Поддршка на наставниците за работата со учениците** се однесуваат на знаења за различните наставни методи, стратегии на учење и поучување, за приспособување на наставата на карактеристиките на учениците, како и на давањето на стручна поддршка на наставниците во воспоставување добра комуникација помеѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Поддршка на наставниците за работата со родителите** се однесуваат на знаења и вештини за изработка на стратегија, односно избор на методите и содржините за соработка помеѓу наставниците и родителите.

**Член 7**

Во подрачјето „Работа со родителите“опфатени се три потподрачја:

- Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите;
- Едукација на родителите и
- Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** се однесуваат на разбирање за тоа како семејството влијае на когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, на умешноста да се идентификуваат потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и на вештините за соодветно комуницирање давање поддршка на семејството.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Едукација на родителите** се однесува на знаењата и вештините за идентификација на потребите на родителите за едукација и едукација на родителите поврзана со нивната родителска улога и начините на комуникација со децата при помагање во учењето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** се однесуваат на знаењата и вештините за вклучување на родителите во одделни сегменти од воспитно- образовниот процес.

**Член 8**

Во подрачјето „Соработка со заедницата“ се опфатени две потподрачја:

- Соработка со локалната заедница и
- Соработка со стручните институции и организации.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Соработка со локалната заедница** се однесуваат на учество во планирањето, реализирањето и следењето на активностите на училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Соработка со стручните институции и организации** се однесуваат на знаењата и вештините за остварување соработка со соодветните институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители и за сопствената работа.

**Член 9**

Во подрачјето „Професионален развој и професионална соработка“ се опфатени две потподрачја:

- Личен професионален развој и
- Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Личен професионален развој** се однесуваат на знаењата и вештините за користење на стекнатите знаења за унапредување на сопствената практика, како и за планирање, водење евиденција и организирање на доказите за сопствениот професионален развој.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** се однесуваат на знаењата и вештините за подготовка на инструменти, прибирање на податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците. Компетенциите на стручниот соработник за ова потподрачје подразбираат и поседување знаења и вештини за реализирање на разни форми на едукација со воспитно-образовниот кадар.

**Член 10**

Во подрачјето „Аналитичко-истражувачка работа“опфатени се две потподрачја:

- Анализа и проценка на воспитно-образовната работа и
- Истражување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Анализа и проценка на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата на методологијата за анализа на документацијата за воспитно-образовната работа во училиштето и вештините за извлекување заклучоци и нивно користење за унапредување на воспитно-образовниот процес.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Истражување на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата и вештините за прибирање податоци, квантитативна и квалитативна анализа на добиените податоци, интерпретација и известување за добиените резултати од истражувањата, како и давање препораки во функција на унапредување на воспитно – образовниот процес.

**Член 11**

Во подрачјето „Училишна структура, организација и клима“ се опфатени две потподрачја:

- Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалвација) и
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Училишна структура и организација** се однесуваат на знаењата за системот на организација и функционирање на училиштето, потребите и приоритетите на училиштето, како и на вештините за изготвување и образложување на иницијативи за осовременување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник од потподрачјето **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** се однесуваат на знаењата за развивање програми кои се однесуваат на социјалната и образовната инклузија, како и на планирањето и организирањето на активности за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и демократско учество на учениците во животот на училиштето.

**Член 12**

Заедничките професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник од членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 од овој правилник се дадени во Прилог бр.1 кој е составен дел на овој правилник.

## ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ СПЕЦИФИЧНИ ЗА ОДДЕЛНИ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

### ПЕДАГОГ

**Член 13**

Во подрачјето „Работа со учениците“ за стручниот соработник педагог опфатени се две потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето и
- Следење и поддршка на развојот на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Поддршка на учениците во учењето** се однесуваат на примената на стратегии за учење и поучување, како и знаења за ефективни техники на учење.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Следење и поддршка на развојот на учениците** се однесуваат знаењата и вештините за советување, следење и поттикнување на учениците за натамошен развој.

**Член 14**

Во подрачјето „Работа со наставниците“ за стручниот соработник педагог опфатени се две потподрачја:

- Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно- образовниот процес и самоевалвацијата;
- Поддршка на наставниците во работата со учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на знаењата на современите методи за следење и оценување на учениците, како и на вештините за помагање на наставниците во процесот на подготовката и реализацијата на квалитетна настава и интерактивно учење и во подготовката и реализацијата на екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Поддршка на наставниците во работата со учениците** се однесуваат на знаењата и вештините да се објаснат и демонстрираат начините на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето.

**Член 15**

Во подрачјето „Работа со родителите“ за стручниот соработник педагог е опфатено едно потподрачје Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** се однесуваат на знаењата за формите и методите за ефективно советување на родителите, како и на примената на различни методи и форми на индивидуални и групни советувања на родителите.

**Член 16**

Во подрачјето „Соработка со заедницата“ за стручниот соработник педагог е опфатено едно потподрачје Соработка со локалната заедница.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Соработка со локалната заедница** се однесуваат на вклученоста во процесот на планирање, организирање и следење на практичната настава во средните стручни училишта.

**Член 17**

Во подрачјето „Професионален развој и професионална соработка“ за стручниот соработник педагог е опфатено едно потподрачје Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** се однесуваат на познавање на основните професионални компетенции за наставниците и на водењето документација за професионалниот развој на наставниците.

**Член 18**

Во подрачјето „Аналитичко-истражувачка работа“ за стручниот соработник педагог опфатено е едно потподрачје Истражување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Истражување на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата и вештините за спроведување акциски и други видови на истражувања за подобрување на наставата.

**Член 19**

Во подрачјето „Училишна структура, организација и клима“ за стручниот соработник педагог е опфатено едно потподрачје Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалвација).

Основните професионални компетенции на стручниот соработник педагог од потподрачјето **Училишна структура и организација** се однесуваат на знаењата за тоа како треба да се одвива наставниот процес, структурата на педагошката евиденција и документација и начините за нејзино водење, како и вештините за следење на наставата и педагошката евиденција и документација.

**Член 20**

Специфичните професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник–педагог од членовите 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19 од овој правилник се дадени во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

## ПСИХОЛОГ

**Член 21**

Во подрачјето “Работа со ученици“ за стручниот соработник психолог се опфатени три потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето;
- Следење и поддршка на развојот на учениците и
- Професионална и кариерна ориентација на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Поддршка на учениците во учењето** се однесуваат на познавањето и користењето на техники за советување и модерирање психолошки работилници.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Следење и поддршка на развојот на учениците** се однесуваат на знаењето и користењето на потврдени техники и стратегии за проценка и подобрување на социоемоционалното функционирање на учениците и нивното ментално здравје.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Професионална и кариерна ориентација на учениците** се однесуваат на познавањето и користењето психолошки мерни инструменти за професионална ориентација.

**Член 22**

Во подрачјето „Работа со наставници“ за стручниот соработник психолог опфатени се две потподрачја:

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата и
- Поддршка на наставниците за работа со учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно- образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на знаењата за современи и различни методи за следење и оценување, знаењата од психометрија и на вештините за помагање на наставниците во избирањето и изготвувањето на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и подготовката и реализацијата на екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Поддршка на наставниците за работа со учениците** се однесуваат на знаењата и вештините за советување на наставниците, како да ги упатат учениците да користат различни приоди во учењето и успешно да ги идентификуваат и поттикнат способностите на надарените ученици.

**Член 23**

Во подрачјето „Работа со родителите“за стручниот соработник психолог се опфатени две потподрачја:

- Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите и
- Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** се однесуваат на знаењата и вештините за примена на соодветни форми и методи за ефективно советување на родителите.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** се однесуваат на преземање превентивни мерки за спречување на негативното влијание на средината врз младите и надминување на

изразените тешкотии.

**Член 24**

Во подрачјето „Соработка со заедницата“ за стручниот соработник психолог е опфатено едно потподрачје Соработка со локалната заедница.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Соработка со локалната заедница** се однесуваат на вклученоста во процесот на планирање, организирање и следење на практичната настава во средните стручни училишта.

**Член 25**

Во подрачјето „Професионален развој и професионална соработка“за стручниот соработник психолог е опфатено едно потподрачја Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** се однесуваат на познавањето на основните професионални компетенции за наставници и на водењето документација за професионалниот развој на наставниците.

**Член 26**

Во подрачјето „Аналитичко-истражувачка работа“ за стручниот соработник психолог е опфатено едно потподрачје Истражување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Истражување на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата и вештините за правилно користење на психолошките тестови и за спроведување акциски истражувања врз основа на кои предлага програми за подобрување на учењето и менталното здравје на учениците.

**Член 27**

Во подрачјето „Училишна структура, организација и клима“ за стручниот соработник психолог опфатени се две потподрачја:

- Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалвација) и
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Училишна структура и организација** се однесуваат на знаењата за правилно користење на психодијагностички инструменти.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник психолог од потподрачјето **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** се однесуваат на знаењета и примената на стратегии, техники и механизми за кризна интервенција во училиштето.

**Член 28**

Специфичните професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник - психолог од членовите 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 од овој правилник се дадени во Прилог бр. 3 кој е составен дел на овој правилник.

## СОЦИОЛОГ

**Член 29**

Во подрачјето „Работа со ученици“ за стручниот соработник социолог се опфатени две потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето и
- Следење и поддршка на развојот на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Поддршка на учениците во учењето** се однесуваат на познавањето на социјалните фактори кои влијаат на учењето и успехот на учениците, како и на работа со ученици кои имаат проблеми со планирањето на слободното време, со приспособувањето и однесувањето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Следење и поддршка на развојот на учениците** се однесуваат на знаењето и вештините за организација и реализација на вонаставните и слободните ученички активности.

**Член 30**

Во подрачјето „Работа со наставници“ за стручниот соработник социолог е опфатено едно

потподрачје Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на знаењата за потенцијалите и ризиците во учењето на учениците со различно социокултурно потекло, како и на вештините за помагање на наставниците при планирање и организирање на наставните и воннаставните активности, работата со општествените организации, соработката со локалната заедница, поддршката на работата на заедницата на учениците, соработката со родителите и др.

**Член 31**

Во подрачјето „Работа со родители“ за стручниот соработник социолог се опфатени две потподрачја:

- Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите и
- Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** се однесуваат на знаењата и вештините за помагање на родителите во идентификувањето, следењето и надминувањето на социопатолошки појави кај нивните деца.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** се однесуваат на заедничко преземање превентивни мерки за спречување на негативното влијание на средината врз младите и за надминување на изразените тешкотии.

**Член 32**

Во подрачјето „Соработка со заедницата“ за стручниот соработник социолог е опфатено едно потподрачје Соработка со локалната заедница.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Соработка со локалната заедница** се однесуваат на знаењата за функционалните односи и конфликти на училиштето и заедницата, како и на соработката со релевантни институции за спречување на девијантните појави во училиштето.

**Член 33**

Во подрачјето „Професионален развој и професионална соработка“ за стручниот соработник социолог опфатено е едно потподрачје Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** се однесуваат на познавањето на основните професионални компетенции за наставниците и на водењето документација за професионалниот развој на наставниците.

**Член 34**

Во подрачјето „Аналитичко-истражувачка работа“ за стручниот соработник социолог е опфатено едно потподрачје Истражување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Истражување на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата за методологијата на социолошките истражувања во образованието и нивното користење во сопствената практика.

**Член 35**

Во подрачјето „Училишна структура, организација и клима“ за стручниот соработник социолог се опфатенидве потподрачја:

- Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалвација) и
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Училишна структура и организација** се однесуваат на знаењата и вештините за следење на начинот за водење на педагошката евиденција и документација и за предлагање мерки за подобрување, како и за евидентирање и обезбедување опфат на училишните обврзници.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** се однесуваат на знаењата за важноста од вклученоста на сите ученици во образовниот процес, без разлика на нивното потекло, способности,

однесување и сл.

**Член 36**

Специфичните професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник социолог од членовите 29, 30, 31, 32, 33, 34 и 35 од овој правилник се дадени во Прилог бр. 4 кој е составен дел на овој правилник.

## СОЦИЈАЛЕН РАБОТНИК

**Член 37**

Во подрачјето „Работа со ученици“ за стручниот соработник социјален работник се опфатени две потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето и
- Следење и поддршка на развојот на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Поддршка на учениците во учењето** се однесуваат на познавањето на методиките за социјална работа со поединец и социјална работа во локалната заедница, како и на вештините за идентификација, организација и искористување на ресурсите во училиштето и надворешната средина во функција на подобрување на успехот на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Следење и поддршка на развојот на учениците** се однесуваат на познавање и примена на соодветни пристапи во социјалната работа.

**Член 38**

Во подрачјето „Работа со наставници“ за стручниот соработник социјален работник се опфатени три потподрачја:

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата;
- Поддршка на наставниците за работа со учениците и
- Поддршка на наставниците за работа со родителите.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на знаењата за потенцијалните ризици во учењето на учениците со различно социокултурно потекло.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Поддршка на наставниците за работа со учениците** се однесуваат на познавање на техниките на медијација и решавање конфликти во социјалната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Поддршка на наставниците за работа со родителите** се однесуваат на познавање техники на медијација и решавање конфликти во социјалната работа со родители.

**Член 39**

Во подрачјето „Работа со родители“ за стручниот соработник социјален работник се опфатени три потподрачја:

- Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите;
- Едукација на родителите и
- Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** се однесуваат на познавањето пристапи за работа со семејствата и поединечни случаи.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Едукација на родителите** се однесуваат на знаењата и вештините за организирање и вклучување на родителите во препознавањето и надминувањето на социјалните ризици и нивното влијание врз развојот на детето и неговото учење.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** се однесуваат на знаењата и вештините за соработка со родителите преку нивното вклучување во различни работни и други тела во училиштето.

**Член 40**

Во подрачјето „Соработка со заедницата“ за стручниот соработник социјален работник се опфатени две потподрачја:

- Соработка со локалната заедница и
- Соработка со стручните институции и организации.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Соработка со локалната заедница** се однесуваат на знаењата за методиката на социјалната работа во локалната заедница, како и на вештините за иницирање и воспоставување соработка, преговарање со заедницата за реализација на заеднички проекти од социјален карактер во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Соработка со стручните институции и организации** се однесуваат на знаењата и вештините за воспоставување на мрежна социјална работа.

**Член 41**

Во подрачјето „Аналитичко-истражувачка работа“ за стручниот соработник социјален работник е опфатено едно потподрачје Истражување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Истражување на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата за методологијата на социјалната работа во образованието, како и на вештини за спроведување акциски истражувања во социјалната работа во образованието.

**Член 42**

Во подрачјето „Училишна структура, организација и клима“ за стручниот соработник социјален работник се опфатени две потподрачја:

- Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалвација) и
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Училишна структура и организација** се однесуваат на знаењата и вештините за примена на техники за планирање, програмирање и евалвација на социјалната работа со поединци и семејства.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социјален работник од потподрачјето **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** се однесуваат на знаењето за важноста на вклученоста на учениците од семејствата со социјален ризик во образовниот процес.

**Член 43**

Специфичните професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник социјален работникод членовите 37, 38, 39, 40, 41 и 42 се дадени во Прилог бр.5 кој е составен дел на овој правилник.

## СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТЕТОР

**Член 44**

Во подрачјето „Работа со учениците“ за стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор се опфатени три потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето;
- Следење и поддршка на развојот на учениците и
- Професионална и кариерна ориентација на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Поддршка на учениците во учењето** се однесуваат на знаењата за соодветните стратегии и техники за проценка на образовните потреби на учениците со посебни образовни потреби, како и на вештините за давање непосредна помош во учењето на учениците со посебни образовни потреби.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Следење и поддршка на развојот на учениците** се однесуваат на знаењата и вештините за следење на ефектите од индивидуалниот образовен план (во натамошниот текст: ИОП).

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Професионална и кариерна ориентација на ученици**те се однесуваат на знаењата и вештините за индивидуално и групно советување со учениците со посебни образовни потреби за правилен избор на понатамошното образование или професија.

**Член 45**

Во подрачјето „Работа со наставниците“ за стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор се опфатени две потподрачја:

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата;
- Поддршка на наставниците за работа со учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно- образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на знаењата и вештините за изготвување/избирање методи, техники, средства за работа како и инструменти за оценување соодветни на видот на посебните образовни потреби, поставените цели во ИОП и стилот на учење на ученикот.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Поддршка на наставниците за работа со учениците** се однесуваат на знаењата и вештините за давање стручна помош на наставниците преку индивидуални или групни средби и обуки за идентификување на учениците со посебни образовни потреби и стратегиите за работа со нив.

**Член 46**

Во подрачјето „Работа со родителите“ за стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор е опфатено едно потподрачје Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** се однесуваат на знаењата и вештините за спроведување на индивидуални и групни советувања на родителите на деца со посебни образовни потреби.

**Член 47**

Во подрачјето „Соработка со заедницата“ за стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор е опфатено едно потподрачје Соработка со локалната заедница.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Соработка со локалната заедница** се однесуваат на знаењата и вештините за вклученоста во процесот на планирање, организирање и следење на практичната настава во средните стручни училишта.

**Член 48**

Во подрачјето „Професионален развој и професионална соработка“ за стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор е опфатено едно потподрачје Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** се однесуваат на познавањето на основните професионални компетенции на наставниците и на водењето документација за професионалниот развој на наставниците.

**Член 49**

Во подрачјето „Аналитичко-истражувачка работа“ за стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор е опфатено едно потподрачје Истражување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Истражување на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата и вештините за спроведување акциски истражувања за подобрување на наставата.

**Член 50**

Во подрачјето „Училишна структура, организација и клима“ за стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор се опфатени две потподрачја:

- Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалвација) и
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Училишна структура и организација** се однесуваат на знаењата и вештините за следење на начинот водење на евиденција и документација за учениците со посебни образовни потреби и предлагање мерки за подобрување.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од потподрачјето **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** се однесуваат на знаењата и вештините за соодветно вклучување на учениците со посебни образовни потреби во активностите на ученичките заедници.

**Член 51**

Специфичните професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор од членовите 44, 45, 46, 47, 48, 49 и 50 од овој правилник се дадени во Прилог бр. 6 кој е составен дел на овај правилник.

## БИБЛИОТЕКАР

**Член 52**

Во подрачјето „Работа со учениците" за стручниот соработник библиотекар се опфатени две потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето и
- Следење и поддршка на развојот на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Поддршка на учениците во учењето** се однесуваат на знаењето и вештините за поттикнување на учениците да ги развиваат вештините за самостојно читање и учење, како и за упатување на учениците критички и аналитички да читаат и вреднуваат различни содржини и извори на информации.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Следење и поддршка на развојот на учениците** се однесуваат на знаењата за моделите и формите за водење вонншаставни активности за читање и пишување, како и на вештините за избирање материјали од различен формат за поддршка на читањето заради учење и заради уживање.

**Член 53**

Во подрачјето „Работа со наставниците" за стручниот соработник библиотекар се опфатени две потподрачја:

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата и
- Поддршка на наставниците за работа со учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно- образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на знаењата и вештините за поврзување на расположливите ресурси во библиотеката со планирање и реализирање на наставните и вонншаставните активности.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Поддршка на наставниците за работа со учениците** се однесуваат на знаењата и вештините да се објаснат и демонстрираат начините на кои може да им се помогне на учениците во користењето на книгата и други печатени публикации во учењето и совладувањето на наставниот материјал.

**Член 54**

Во подрачјето „Работа со родителите" за стручниот соработник библиотекар е опфатено едно потподрачје Едукација на родителите.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Едукација на родителите** се однесуваат на знаењата и вештините за користење различни начини на вклучување на родителите во разни активности во библиотеката.

**Член 55**

Во подрачјето „Соработка со заедницата" за стручниот соработник библиотекар е опфатено едно потподрачје Соработка со стручните институции и организации.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Соработка со стручните институции и организации** се однесуваат на знаењата и вештините за воспоставување мрежа на соработка со надворешни организации и институции со дејност која е поврзана со библиотекарството, книгоиздателството, библиофилството и слично.

**Член 56**

Во подрачјето „Професионален развој и професионална соработка" за стручниот соработник библиотекар се опфатени две потподрачја:

- Личен професионален развој и
- Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Личен професионален развој** се однесуваат на знаењата за ефективните начини и можности за личен и професионален развој, како и на вештините за анализирање и утврдување на

потребите за подобрување на сопствената практика.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од потподрачјето **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** се однесуваат на познавање на начините за извлекување и користење информации од различни пишани и дигитални извори, како и на вештините за селекција и подредување на наставни ресурси, чување во библиотека и нудење за користење на останатите во училиштето.

**Член 57**

Основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар од подрачјето **Училишна структура и организација и училишна клима,** се однесуваат на разбирање за важноста на библиотеката како центар за учење и користење различни извори на информации, како и на вештини за организирање настани поврзани со работењето на библиотеката.

**Член 58**

Специфичните професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник библиотекар од членовите 52, 53, 54, 55, 56 и 57 од овој правилник се дадени во Прилог бр. 7 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 59**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Член 60**

Со денот на влегувањето во сила на овај правилник престанува да важи Правилникот за основните и професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта бр.20-14619/1 од 20.10.2016 година.

**Министер за образование и наука,**
**Dr. Arbër Ademi с.р**

**Бр.18-3998/1**
**18.03.2020 година**

**Прилог бр. 1**

**ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ**

| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ**<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | |
|---|---|
| **Професионални знаења и разбирања** | **Професионални способности и вештини** |
| 1. разбира концепти за когнитивниот развој, учењето и наставата и нивната поврзаност со поучувањето; | 1.1. ја проценува подготвеност на учениците за вклучување и напредување во образовниот систем; |
| 2. ги разбира индивидуалните разлики во учењето кај учениците и познава соодветни стратегии за учење и поддршка на учениците во учењето; | 2.1. сензибилизиран е за различните образовни потреби на учениците, умее да идентификува и обезбедува соодветна поддршка; |
| 3. знае за факторите кои влијаат на процесот на учење и мотивација на учениците; | 3.1. гради високи лични стандарди за успех кај учениците и позитивен став кон учењето; |
| | 3.2. идентификува потенцијални фактори кои може да доведат до неуспех и информира и дава препораки; |
| 4. познава методи и техники за работа со ученици и нивно успешно советување за учење; | 4.1. користи различни пристапи и им помага на учениците во учењето во согласност со нивните потреби; |
| 5. познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование; | 5.1. избира соодветни приоди за инклузија; |
| 6. познава и користи асистивна технологија[1] при работа со ученици со посебни образовни потреби. | 6.1. промовира користење на асистивна технологија од страна на учениците. |

[1]Под асистивна технологија се подразбира секој предмет, дел од опрема или производ, било да е набавен од продавница, специјално нарачан, адаптиран или приспособен, кој се користи да ги зголеми, одржи илиподобри функционалните можности на лицата со хендикеп.

| РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ<br>**Потподрачје: СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. ги разбира процесите на социјалниот и на емоционалниот развој и нивната поврзаност со однесувањето на учениците; | 1.1. поттикнува и развива самодоверба и самопочитување кај учениците; |
| 2. ги разбира предизвиците во комуникацијата и соработката со припадници на различни култури, со различни вредности и искуства. | 2.1. комуницира со учениците на начин кој обезбедува поддршка и доверба; |
| | 2.2. промовира позитивни вредности, ставови и однесувања и поттикнува мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка соработка и интеграција и демократско учество на учениците; |
| | 2.3. приспособува пристап во индивидуална и групна работа со учениците во зависност од видот на проблемот. |

| РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ<br>**Потподрачје: ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае за важноста и начелата за професионална и кариерна ориентација на учениците; | 1.1. избира и користи соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на учениците; |
| 2. познава методи за професионална ориентација, советување и кариерно насочување на учениците; | |
| 3. информиран е за состојбите на пазарот на трудот; | 3.1. професионалното и кариерното советување на учениците го базира врз утврдените интереси, способности и општествени можности. |
| 4. информиран е за мрежата на средни училишта/ високообразовни институции; | |
| 5. знае за важноста од правилен избор на професија. | |

| РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ<br>Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ПЛАНИРАЊЕТО И РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛВАЦИЈАТА | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. познава стратешки, концепциски и програмски документи и стандарди за потсистемот на образованието во кој работи;<br>2. познава актуелни програми и приоди (на пр., Образование за животни вештини, Иновации и претприемништво, Проектна работа и сл.) што треба да се користат во училиштето; | 1.1. дава стручна поддршка на наставниците во разбирањето и примената на програмските и концепциските документи; |
| 3. познава принципите за изработка на ИОП / знае за важноста на ИОП за учениците со посебни образовни потреби; | 3.1. дава стручна поддршка во изготвување на индивидуален образовен план; |
| 4. познава таксономии за воспитно-образовните цели;<br>5. знае за видови планирања на воспитно- образовната работа; | 4.1. дава стручна поддршка во планирањето на наставата; |
| 6. познава индивидуални карактеристики и потреби на развојните периоди на ученикот; | 6.1. поттикнува високи очекувања кај наставниците за развојот и постигањата на учениците; |
| 7. разбира на кој начин средината го поттикнува и овозможува учењето; | 7.1. промовира и создава отворена и стимулативна средина која поттикнува истражување, учење и независност; |
| 8. познава начела за воспоставување позитивна социоемоционална клима во училницата; | 8.1. дава стручна помош и обезбедува позитивна социоемоционална клима во училницата; |
| 9. знае дека примарна цел на оценувањето е унапредување на постигањата на учениците; | 9.1. дава насоки како резултатите од оценувањето да се користат за подобрување на процесот на наставата и учењето; |
| 10. познава етички кодекс во оценувањето; | 10.1. применува принципи на етички кодекс во оценувањето; |
| 11. познава различни извори на знаења и потенцијалите што ги имаат; | 11.1. дава стручна поддршка на наставниците за користење на различни извори на знаења; |
| 12. информиран е за проектите на ниво на државата за подобрување на квалитетот на наставата; | 12.1. дава поддршка во спроведувањето проектни активности во функција на се подобрување на квалитетот на наставата; |
| 13. ја разбира улогата на одделенскиот/класниот раководител. | 13.1. дава стручна помош за активности што треба да реализира раководител на паралелка. |

| **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ**<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО РАБОТАТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. го разбира влијанието на социјалните и културните фактори врз образованието, како и придонесот на образованието за социјална кохезија; | 1.1. промовира почитување на разликите и демократските вредности; |
| | 1.2. идентификува, почитува и развива силни страни на на личноста на секој ученик; |
| 2. знае за важноста на приспособувањето на наставата на карактеристиките на учениците; | 2.1. дава поддршка на наставници за индивидуализација и диференциација во задолжителната, додатната и дополнителната настава, слободните ученички активности и натпревари; |
| 3. знае принципи на добра комуникација помеѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно; | 3.1. дава стручна поддршка на наставници за воспоставување добра комуникација помеѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно; |
| 4. знае за можните проблеми во однесувањето на учениците и начините за нивно разрешување. | 4.1. дава помош на наставникот во справување со непочитувањето на правилата за и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците. |

| **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ**<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТАТА СО РОДИТЕЛИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и вештини | Професионални способности и вештини |
| 1. знае за важноста на соработката меѓу наставниците и родителите; | 1.1. промовира култура на наставничко-родителска соработка; |
| 2. знае методи за наставничко-родителска соработка. | 2.1. помага на наставници во изборот на соодветни методи, активноси и содржини за соработка со родителите. |

| **РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ**<br>**Потподрачје: ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. разбира за влијанието на семејството врз когнитивното, емоционалното и социјалното функционирање на учениците; | 1.1. во семејствата идентификува потенцијални кризни ситуации што влијаат врз развојот и учењето на учениците и дава соодветна поддршка на семејството; |
| 2. поседува знаења за комуникација со родителите на децата. | 2.1. комуницира во зависност од ситуацијата и личноста на родителот. |

| **РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ**<br>**Потподрачје: ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. познава карактеристикит на учењена возрасни како и методи и форми за образование на возрасни; | 1.1. презентира знаења од својата стручна област кон родителите; |
| 2. разбира за потребата од јакнење на родителските компетенции за успешен развој и напредок на нивните деца. | 2.1. помага на родители за развој на вештини за поттикнување поквалитетен развој и учење на своето дете. |

| **РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ**<br>**Потподрачје: ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае начини за соработка со семејството и можности за негово учество во животот и работата на училиштето. | 1.1. промовира доверба и разбирање за градење партнерства со семејствата; |
| | 1.2. мотивира родители за вклучување во активности на училиштето; |
| | 1.3. развива ефективна соработка со семејствата. |

| **СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА**<br>**Потподрачје: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. познава начини за соработка со локалната заедница и можностите за нејзино учество во животот во училиштето; | 1.1. промовира соработка со локалната заедница; |
| 2. знае за потенцијалите на локалната заедница за поддршка на училиштето. | 2.1. придонесува вредностите на културите во заедницата да се рефлектираат во сите аспекти на работата на училиштето. |

| СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА<br>Потподрачје: СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. Ја разбира важноста на соработката со стручните институции; | 1.1. развива и користи соодветни начини за соработка со стручните институции; |
| | 1.2. промовира професионалност, доверба и почит во градењето партнерства со стручните институции; |
| 2. знае за дејностите на институциите значајни за работата во училиштето; | 2.1. идентификува релевантни институции за соработка во одделни подрачја; |
| 3. информиран е за актуелни програми за млади што ги реализира невладиниот сектор. | 3.1. идентификува и предлага подрачја за заедничка соработка со здруженија во заедницата. |

| ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА<br>Потподрачје: ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае за комплексноста на професијата стручен соработник, како и правата и одговорностите што таа ги носи; | 1.1. (формалното, неформалното и информалното образование и учење) ги користи за унапредување на сопствената практика; |
| 2. сфаќа за значајноста на личниот професионален развој; | 2.1. идентификува потреби за личен професионален развој користејќи стандарди и резултати од саморефлексија на сопствената работа; |
| 3. знае за компетенциите и стандардите за стручните соработници; | |
| 4. знае како се изработува личен план за професионален развој; | |
| 5. знае ефективни начини и можности за личен и професионален развој; | 5.1. развива и применува рефлективни вештини за анализирање, самоевалвација и подобрување на сопствената практика; |
| 6. разбира и ја почитува филозофијата на доживотно учење; | 6.1. применува новини и промени во сопствената работата; |
| 7. информиран е за професионалните здруженија на стручните соработници; | 7.1. соработува со стручните соработници и со професионални здруженија во и надвор од училиштето. |
| 8. познава етички кодекс на професијата. | |

| ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. разбира за важноста на професионалниот развој во функција на подобрување на работата во училиштето; | 1.1. активно промовира професионални и колегијални односи и соработува со колегите |
| | 1.2. придонесува за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето; |
| 2. информиран е за стручните настани во образованието; | 2.1. мотивира наставници за професионално усовршување и создава средина во која сите учат; |
| 3. познава методи и форми на стручно усовршување; | 3.1. планира професионален развој врз основа на испитување на потребите на наставниците; |
| 4. знае како се планира професионалниот развој на наставниците. | 4.1. реализира различни форми на обуки со воспитно-образовниот кадар. |

| АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА<br>**Потподрачје: АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае за документацијата што се води за воспитно-образовната работа во училиштето; | 1.1. придонесува да се воспостави систем за редовни анализи на одделни воспитно-образовни прашања во училиштето; |
| | 1.2. користи резултати од анализи за унапредување на воспитно-образовниот процес; |
| 2. ја познава методологијата за анализа на документацијата; | 2.1. поврзува, обработува и анализира различни податоци за воспитно-образовната работа и извлекува заклучоци од анализите; |
| 3. знае начини за интерпретација и известување за резултатите од анализата. | 3.1. дава препораки врз основа на добиените податоци од истражувањето. |

| **АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**<br>**Потподрачје: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае за методологијата на педагошките истражувања и основи на дескриптивната статистика; | 1.1. ја унапредува воспитно-образовната работа да се базира врз истражувања и факти; |
| | 1.2. анализира и интерпретира податоци од спроведени истражувања; |
| | 1.3. користи резултати од истражувања во сопствената практика; |
| 2. познава различни техники за прибирање информации за воспитно-образовната практика; | 2.1. спроведува истражувања на прашања актуелни за училиштето; |
| 3. познава методи за квантитативна и квалитативна анализа на податоците; | 3.1. анализира податоци од квантитативни и квалитативни истражувања; |
| | 3.2. користи програми за статистичка обработка на податоци; |
| 4. знае начини за соодветна интерпретација и известување за резултатите од истражувањата. | 4.1. интерпретира податоци од различни видови истражувања. |

| **УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА**<br>**Потподрачје: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТАРАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛВАЦИЈА)** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1.знае за образовниот систем, особено потсистемот на образованието во којшто работи и актите со кои е регулиран; | 1.1.се раководи според општите принципи на системот на воспитание и образование; |
| | 1.2.работата на училиштето ја евалуира и проценува; |
| 2. разбира за современите образовни тенденции; | 2.1.предлага мерки за унапредување на воспитно – образовниот процес; |
| 3. информиран е за актуелните случувања во образованието во земјата; | 3.1.промовира иновации во воспитно - образовната работа согласно принципите на настава и учење за 21-от век; |
| 4. знае за системот на организација и функционирање на училиштето; | 4.1.промовира систематичност и одговорност во работењето на училиштето; |
| 5. познава документи со кои е регулирана работата на училиштето; | |
| 6. знае за потребите и приоритетите на училиштето. | |

| **УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА**<br>**Потподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. познава принципи за создавање позитивна клима во училиштето; | 1.1. поттикнува соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедна средина и позитивна клима; |
| | 1.2. развива чувство за припадност, заемно почитување и придонес кон училишната заедница; |
| 2. знае за важноста од вклученоста на сите ученици во образовниот процес; | 2.1. придонесува за инклузивната клима во училиштето; |
| 3. знае за конвенциите за правата на децата и за антидискриминација; | 3.1. промовира вредности за прифаќање и почитување на различности, толеранција и ненасилно однесување; |
| 4. знае за можни ризици и опасности од дискриминација врз сите основи; | 4.1. создава клима за прифаќање и недискриминација; |
| 5. ја разбира важноста на мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка соработка и интеграција и демократско учество; | 5.1. работи во промовирање и оранизирање на активности базирани на мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка соработка и интеграција и демократско учество;; |
| 6. знае за важноста за родово избалансиран пристап во училиштето; | 6.1. води грижа да има родово избалансиран пристап при реализација на активности во училиштето; |
| 7. знае за можни закани по физичка и психичка безбедност на учениците; | 7.1. идентификува можни закани по безбедноста специфични за училиштето и за конкретната популација во училиштето; |
| 8. знае за важноста на учеството на учениците во донесувањето одлуки кои се од интерес за нивниот живот во училиштето; | 8.1. поттикнува чувство на одговорност и ангажираност кај учениците; |
| 9. разбира дека е важно обезбедување на соодветна атмосфера и услови за слободно конструктивно изразување на мислењето на учениците за животот во училиштето; | 9.1. обезбедува соодветна атмосфера и услови за демократско учество на учениците во животот на училиштето; |
| | 9.2. помага на ученици во процесите на информирање, формирање и искажување мислење, донесување одлука и преземање соодветна акција за релевантни прашања од животот во училиштето што се од нивен интерес; |
| 10. знае начела и механизми за демократско учество на учениците во животот на училиштето, како и за функционирање на училишна заедница базирана врз демократски основи. | 10.1. помага на ученици и наставници во функционирање на училишната заедница врз демократски основи; |
| | 10.2. промовира вредности за личната безбедност и безбедност на другите. |

**СПЕЦИФИЧНИКОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - ПЕДАГОГ** **Прилог бр. 2**

| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** **Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. познава принципи за работа во работилници; | 1.1. има вештини за модерирање педагошки работилници; |
| 2. познава ефективни техники за учење; | 2.1. помага на ученици за развој на вештини за самостојно учење; |
| 3. познава соодветни стратегии за учење и поучување. | 3.1. избира и применува соодветни стратегии за учење и поучување; |

| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** **Потподрачје: СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае што се развојни и ситуациони кризи и познава начини за справување со истите; | 1.1. идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците; |
| | 1.2. користи стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците; |
| 2. знае принципи, модели и форми за користење на слободното време на учениците во училиштето; | 2.1. дава поддршка во организацијата и реализиацијата на воннаставните активности на учениците во училиштето; |
| 3. знае , методи и средства на воспитна работа. | 3.1. решава воспитни ситуации со примена на современи методи на воспитна работа и модели за педагошко водење. |

| **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ**<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае методи и форми за ефективна настава; | 1.1. дава стручна помош во подготовката и реализацијата на активната настава; |
| 2. поседува знаења за екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците; | 2.1. дава стручна помош во подготовката и реализацијата на екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците; |
| 3. знае современи и различни методи и техники за следење и оценување и нивните можности и ограничувања; | 3.1. помага при избор и изготвување на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и соодветно ги користи; |
| 4. познава стандарди за формативно и сумативно оценување; | |
| 5. познава методологии за вреднување учебници; | 5.1. вреднува дидактички компоненти на учебниците; |
| 6. познава иновативни приоди во наставата; | 6.1. промовира иновативни приоди во наставата; |
| 7. познава методи и техники за поддршка на наставниците при самовреднувањето на наставната работа. | 7.1. промовира култура на самовреднување како основа за унапредување на наставата. |

| **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ**<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае постапки за идентификација на надарени ученици; | 1.1. поврзува карактеристиките на учениците со соодветните приоди на работа со ученици; |
| 2. знае различни приоди на работа со ученици со различни лични особености | |

| РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ<br>**Потподрачје: ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае за начините за поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби; | 1.1. помага на родители на деца со посебни образовни потреби за состојбата на нивните деца и дава соодветна помош и поддршка; |
| 2. знае методи и форми за ефективно советување на родители. | 2.1. користи различни методи и форми за индивидуални и групни советувања на родителите. |

| СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА<br>**Потподрачје: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. информиран е за соодветните фирми во кои може да се реализира практична настава. | 1.1. поврзува учениците со формите на практична настава. |

| ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае за основните професионални компетенции за наставници. | 1.1. формите и содржините на професионалниот развој ги поврзува со потребните компетенции на наставниците. |

| АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА<br>**Потподрачје: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. познава постапки за спроведување акциско и друго истражување во наставата. | 1.1. спроведува акциско и друго истражување за подобрување на квалитетот на наставата. |

| УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА<br>Потподрачје: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА(ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО -ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА) | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае како се одвива наставниот процес; | 1.1. користи инструменти за следење и интерпретира сознанија за нареден час; развива стратегии за подобрување на наставата; |
| 2. знае за структурата на педагошката евиденција и документација и начините за нејзино водење. | 2.1. организира и/или реализира периоднично следење на педагошката евиденција и документација; |
| | 2.2. учествува во процесот на опфаќање на училишните обврзници и формирање на паралелките. |

## СПЕЦИФИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – ПСИХОЛОГ **Прилог бр. 3**

| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | **Потподрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае потврдени техники и стратегии за проценка и поттикнување на когнитивниот развој; | 1.1. помага на ученици за свесноста на процесот на сопственото учење и развиваат вештините за самостојно учење; |
| 2. познава техники за советување; | 2.1. користи пристапи во советувањето на учениците базирани врз идентификување на нивните силни страни, развивање на нивниот потенцијал и следи ефекти од советувања; |
| 3. познава принципи на работа во работилници. | 3.1. има вештини за модерирање психолошки работилници. |

| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | **Потподрачје: СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае што се развојни и ситуациони кризи и познава начини за справување со истите; | 1.1. идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците; |
| | 1.2. користи стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците; |
| 2. знае потврдени техники и стратегии за проценка и подобрување на социо - емоционалното функционирање на учениците и нивното ментално здравје; | 2.1. проценува и следи социјален и личен развој на учениците и дава поддршка за нивен хармоничен развој; |
| | 2.2. придонесува за личниот и социјалниот раст и развој на учениците; |
| 3. знае како медикаментите и дрогата (хемиските супстанции) влијаат врз психофизичката состојба и однесувањето. | 3.1. придонесува за превенција на болести на зависност. |

| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | **Потподрачје: ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. познава психолошки мерни инструменти што се користат при професионалната ориентација. | 1.1. врши проверка на општите и специфичните способности и професионалните интереси на учениците; |
| | 1.2. синтетизира информации. |

| **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ**<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО -ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. ги знае принципите и методите за ефективна настава; | 1.1. дава стручна помош во подготовката и реализацијата на интерактивната настава; |
| 2. поседува знаења за екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците; | 2.1. дава стручна помош во подготовката и реализацијата на екстерното и интерното проверување на постигањата на учениците; |
| 3. знае современи и различни методи за следење и оценување и нивните можности и ограничувања; | 3.1. пружа помош на наставници при изборот и изготвување на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и соодветно да ги користат; |
| 4. познава стандарди за формативно и сумативно оценување; | |
| 5. поседува знаења од психометрија. | 5.1. прави психометриска анализа на тестови за знаења. |

| **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ**<br>**Потподрачје: ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае постапки за идентификација на надарени ученици | 1.1. ги поврзува карактеристиките на учениците со соодветните начини за работа со ученици; |
| | 1.2. ги синтетизира добиените информации. |
| 2. знае начини за работа со ученици со различни особености | |

| **РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ**<br>**Потподрачје: ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ** | |
|---|---|
| Професионални знаења и разбирања | Професионални способности и вештини |
| 1. знае начини за поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби; | 1.1 помага на родители на деца со посебни образовни потреби за разбирање на состојбата на нивните деца и дава потребна помош и поддршка; |
| 2. знае форми и методи за ефективно советување на родители. | 2.1 користи различни методи за индивидуални и групни советувања на родителите. |

| РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ<br>Потподрачје: ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|
